РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09 - 2828/2
23 -11- 2020 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава од познат подносител, на 41 та седница, одржана на ден 11.11.2020 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси со бр. 09-2828/1 од 23.05.2019 година доставена од познат подносител, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-2828/1 од 23.05.2019 година.

Предметот со број 09-2828/1 од 23.05.2019 година да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-2828/1 од 23.05.2019 година е оформен врз основа на пријава од познат подносител во која се изразува незадоволството од ------ --------- вработена во канцеларијата на Народниот правобранител на РСМ поради неспроведување на соодветни постапки за унапредување на вработените лица во ---------------------, а на јавен оглас кој бил во тек во моментот на поднесување на пријавата на вработените им било нагласено дека тие не смеаат да конкрураат и да се пријавуваат на истиот затоа што со тој оглас било предвидено да се вработат нови лица, надвор од институцијата.

Пријавителот ----------- --------------, во пријавата наведува дека и покрај тоа што има долгогодишно искуство во ------------------------ во Скопје и согласно своето работно искуство, стручност и професионалност не била третирана соодветно и не била распоредена на работна позиција која одговара на нејзините квалификации, туку после 13 години работно искуство во канцеларијата, пред 4 месеци била унапредена на работно место Соработник, а извршувала работни задачи кои одговарале на работното место Државен советник.

Државната комисија за спречување на корупцијата ја разгледа пријавата и наводите содржани во истата и констатира дека иако има индиции за непрофесионален третман на вработените и состојба во која не можат да се создадат услови за фер и правично унапредување и пополнување на работните

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

позиции кај конкретниот работодавач, нема елементи за свое надлежно постапување, затоа што Државната комисија постапува по пријави од физички и правни лица за сомнежи за корупција и судир на интереси.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

Изработил: м-р Е.Н., соработник
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk